2026 • **3 ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ИНТЕРЕВРОПСКА ДИВИЗИЈА

# МИСИОНСКИ ВЕСТИ

## - искуства од светот за млади и возрасни



# Содржина

**На насловната страница**: Само една година пред планираната матура, на Јирген му било речено да го напушти училиштето откако добил недоволна оценка по поведение. Откријте како новото училиште го довело до подобар живот. Приказната е на 4. страница.


**АВСТРИЈА**

**4** Дарот на новиот живот / 4 јули T

**6** Чај и мобилни телефони / 11 јули T

**ШПАНИЈА**

**9** Хармонија со небесно потекло / 18 јули

**11** Сонот на Енох, прв дел / 25 јули

**14** Сонот на Енох, втор дел/1 август T

**БУГАРИЈА**

**17** Долгоочекуваната градежна дозвола / 8 август T

**19** Прва адвентистичка претшколска установа / 15 август

**21** Омилената книга на Софија / 22 август

**24** Бог не греши / 29 август

**26** Скршената чаша / 5 септември T

**28** Расплаканата воспитувачка / 12 септември T


























**РОМАНИЈА**

**31** Директорка се грижи за двајцата родители / 19 септември

**34** Програма на 13-тата сабота: Оди со вера, а не според гледањето / 26 септември

**37** Идни проекти на 13-тата сабота

**39** Извори за водачите

**40** Мапа


T = Искуства кои можат да бидат посебно интересни за тинејџерите

SEVENTH-DAY ADVENTIST CHURCH®

©2026 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved

12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драги водачи на Саботната школа,



Ендрју Мекчесни
*Уредник*

Ова тримесечје ќе се посветиме на Интеревропската дивизија (ИЕД), која вклучува 20 држави: Андора, Австрија, Белгија, Бугарија, Чешка, Франција, Германија, Гибралтар, Италија, Лихтенштајн, Луксембург, Малта, Монако, Португалија, Романија, Сан Марино, Словачка, Шпанија, Швајцарија и Ватикан.

Оваа област е дом на 343 милиони луѓе, вклучувајќи 182.411 верници на Адвентистичката црква. Тоа е соодност од 1 адвентист на секои 1.880 луѓе.

Како дел од своите мисионерски напори, оваа дивизија избра пет проекти во четири држави, Белгија, Бугарија, Италија и Романија, кои ќе бидат поддржани со средствата на 13-тата сабота од ова тримесечје.

Вашата поддршка за мисионството е многу важна за единството на црквата.

Ви благодарам што им помагате на членовите на вашата класа на Саботната школа да ги запознаат своите духовни браќа и сестри низ целиот свет и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку нивното дарување.

Да се здружиме во исполнувањето на Исусовата задача.

*Ви посакувам изобилни Божји благослови од дното на моето срце!*

## МОЖНОСТИ

Даровите на Тринаесеттата сабота за ова тримесечје ќе бидат употребени за 5 проекти на Интеревропската дивизија (IED):

- **Изградба на детска градинка во Софија, Бугарија.**
- **Изградба на младински планинарски дом во црковен камп и центар за обука во Белгија.**
- **Изградба на блок студентски дом на италијанскиот адвентистички универзитет „Вила Аурора“ во Фиренца.**
- **Изградба на училиште во Перет и Маче, Романија.**



# Дарот на новиот живот

АВСТРИЈА | 4. јули

**Јирген**

*ЗАБЕЛЕШКА НА УРЕДНИКОТ: Мисионското искуство од оваа седмица се фокусира на Богенхофен, кампус на Адвентистичката црква, кој вклучува основно училиште, средно училиште и теолошки факултет. Школата доби дел од средствата на мисионскиот дар на 13-тата сабота во 1986 година.*

Јирген бил исфрлен од средно училиште во Австрија поради неговиот лош став и однесување.

Една година пред неговото матурирање, Јирген бил замолен да го напушти училиштето откако добил лоша оценка поради неговото однесување/поведение. Австриските државни средни училишта го оценувале однесувањето, а тој имал проблем со авторитетот и често бегал од часови.

Јирген се обидел да се запише во друго училиште, но не успеал. Сепак, директорот на тоа средно училиште бил сочувствителен. „Обиди се во Богенхофен", рекол тој. „Можеби тие ќе те примат."

Јирген и неговите родители отишле во Богенхофен, во адвентистичкото училиште. Бидејќи потекнувал од нерелигиозно семејство, Јирген бил изненаден кога дознал дека ова училиште ги охрабрува учениците да развиваат однос со Бога. Не бил одушевен од тоа, но неговиот татко го натерал да се обиде.

Јирген се согласил да остане на кампусот.

Иако можел да се запише во дванаесетто одделение, решил да го повтори единаесеттото. Во текот на тие две години во училиште, неговиот живот се променил на многу начини. Без воопшто да сфати, престанал да јаде свинско месо и да пие алкохол. Не бил сигурен како се случило тоа – едноставно се случило.

Иако посетувал часови по Библија, Јирген не размислувал многу за Бога во средно училиште.

Но, по дипломирањето, тој се запишал на програма за здравствена обука во Богенхофен, која траела година и пол. Како што учел за принципите на доброто здравје, почнал да се прашува, во што навистина веруваат овие адвентисти?

Тој нашол Библија и, за прв пат, ја прочитал од почеток до крај. Иску-

ството го оставило со мноштво прашања. Ја прифатил понудата на еден соученик заедно да го проучуваат Светото писмо. Двајцата младичи почнале да ги проучуваат пророштвата од Книгата на пророк Даниел.

Јирген бил мошне изненаден. Видел дека сите датуми се совпаѓаат и дека секое пророштво – освен оние што го предвидуваат второто Христово доаѓање – се исполнило. Сè имало смисла. Помислил: Библијата мора да е вистинита!

Следниот чекор бил лесен, да се прифати постоењето на Бог Творецот. Иако неговото семејство не било религиозно, тој никогаш не ја прифатил целосно теоријата на еволуцијата. Му го предал своето срце на Бога и се крстил.

Некои од неговите роднини му се потсмевале кога дознале дека станал христијанин. Му се потсмевале, прашувајќи го дали планира да живее како пустиник или да се пресели во село без електрична енергија. Но, кога ја виделе промената што Христос ја внел во неговиот живот, нивниот став се променил.

Неговиот татко никогаш не се покајал што го испратил во Богенхофен, нарекувајќи го тоа најдобра одлука во животот на Јирген. Денес, неговата мајка е дел од адвентистичка група за проучување на Библијата.

## Во врска со искуството

- Покажете ја Австрија на карта на светот, потоа Браунау на север, во близина на германската граница, каде што се наоѓа Богенхофен.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Погледнете го краткото видео на YouTube sa Jirgenom: bit.ly/Juergen-EUD..

## Мисионски информации

- Австрија има 60 цркви, 9 групи на верници, со вкупно 4.419 членови. За население од 9.188.000 жители, ова претставува сооднос од еден член на црквата на секои 2.079 Австријци.
- Околу 80% од Австријците се христијани, од кои 80% се католици, 7% православни, 6% протестанти и 6% други деноминации. Околу 8% се муслимани, а останатите Австријци не припаѓаат на ниту една религија.
- Во 1895 година, мисионерот Л. Р. Конради ја извршил првата адвентистичка служба на крштевање во Австро-Унгарија во Клаузенбург (сега во Романија).
- Првата адвентистичка црква ја основал Л. Мате, германско-американски пастор, во 1903 година во Рацерсдорф, Австрија.
- Животот на Мате бил загрозен во неколку наврати од локалните христијани, па затоа се преселил во блиска Виена, каде што го извршил првото адвентистичко крштевање во Австрија на 1 јули 1903 година.
- Во 1909 година, првиот австриски адвентистички пастор, Франц Грубер, бил ракоположен во Виена. Црквата работела напорно на обука на локалните мисионерски работници бидејќи странските пастори биле во постојана опасност од депортација поради „нарушување на мирот“.
- Теолошката школа, средното и основното училиште Богенхофен се наоѓаат во Сан Петер ам Харт, во Австрија.

Сега, на 36 години, Јирген му е благодарен на Бога што одел во адвентистичко училиште.

„Кога бев студент, не сфаќав колкава привилегија е тоа“, изјавува тој. „Сега сфаќам. Среќен сум што го стекнав образованието во Богенхофен. Тоа го промени мојот живот.“ Ви благодарам за вашиот великодушен дар на 13-тата сабота, познат и како дар за тримесечниот мисионски проект, кој им помага на луѓе како Јирген да го запознаат Исуса Христа.

Богенхофен, кој се наоѓа во близина на Браунау, Австрија, доби дел од средствата на дарот на Тринаесеттата сабота во 1986 година за изградба на блок женски спални соби. Средствата од ова тримесечје ќе бидат употребени за поддршка на мисионските активности низ целата Интервропска дивизија, која ја вклучува и Австрија.



# Чај и мобилни телефони

АВСТРИЈА | 11. јули

**Ивона**

*ЗАБЕЛЕШКА НА УРЕДНИКОТ: Мисионското искуство од оваа седмица се одвивало во зграда изградена со помош на дарот на 13-тата сабота, познат и како дар за тримесечен мисионски проект. Искуството се одвивало во женскиот блок со спални во Богенхофен, адвентистичката школа во Австрија.*

Ивона, прецепторката на женскиот блок во Богенхофен, се раководела од правилото кое ги ограничувало тинејџерите на 45 минути користење мобилен телефон секој ден. Таа видела колку мобилните телефони можат да создадат зависност и забележала дека правилото ги охрабрува учениците да поминуваат повеќе време заедно – разговарајќи, смеејќи се и правејќи забавни активности како што се веслање со чамци на потокот во рамките на кампусот.

Меѓутоа, таа знаела и дека секогаш кога постојат правила, има ученици кои ќе се обидат да ги прекршат. Се сомневала дека некои од учениците кријат и втор телефон во

своите спални соби. Но, сè додека не ги фати на дело, не може ништо да направи.

Еден ден, неколку девојки беа болни и го поминуваа времето во своите соби. Таа вечер, Ивона им донесе топол чај. Кога го донесе чајот во собата на едно девојче, забележа дека нешто не е во ред.

За да влезе во собата, Ивона мораше да помине низ две врати – надворешна и внатрешна. Таа затропа на надворешната врата и ја отвори. Зад внатрешната врата, слушна звук на нешто што се движи и застана, прашувајќи се што се случува. Кога ја отвори и внатрешната врата, не виде ништо необично. Шеснаесетгодишната девојка лежеше во креветот. Ѝ се заблагодари на Ивона за чајот и ја праша: „Кога ќе одиш да си легнеш? Ќе дојдеш ли повторно да ме видиш?“

Ивона си помисли: „Тоа се интересни прашања.“

Таа заврши со проверката на другите соби и, 10 минути подоцна, ненајавено се врати во собата на шеснаесетгодишната девојка. Затропа на надворешната врата и кога ја отвори другата врата, виде како де-

## Во врска со искуството

- Покажете ја Австрија на мапа на светот, потоа Браунау на север, во близина на германската граница, каде што се наоѓа Богенхофен.
- Ивона Зајдел била важен дел од историјата на Богенхофен. Родена во Романија, таа служела не само како наставничка во женскиот студентски дом, туку и помогнала околу отворањето на основно училиште на кампусот кога имала 22 години. Училиштето пораснало од почетен број од шест ученици на повеќе од 100. Ивона служела и како капелан во Богенхофен. Во 2017 година, таа помогнала во отворањето училиште кое обучува наставници за одржување настава во адвентистички училишта.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).

## Важни факти

- Околу една четвртина од населението на Австрија живее во Виена.
- Службениот јазик на Австрија е германскиот.
- Карло Велики, крал на Франките, го вовел христијанството во регионот кога го освоил во 766 година.
- Австрија се нарекува родно место на класичната музика, бидејќи била дом на Бетовен, Хајдн, Моцарт и Шуберт.
- Повеќе од половина од електричната енергија во Австрија се произведува од хидроцентрали.
- Популарните австриски јадења вклучуваат Захер-торте (богата чоколадна торта), јаболкова штрудла и Виенска шницла (панирано телешко месо).
- Зимските спортови, особено алпското скијање, се популарни во Австрија поради планинскиот терен на земјата.
- Шумите покриваат две петтини од Австрија, што ја прави една од најгусто пошумените земји во Европа.
- Дивиот свет во Австрија вклучува кафеави мечки, мршојадци, жерави, орли, соколи, бувови, лебеди и штркови.

војката брзо става нешто под ќебето.

Сега Ивона веќе бепе убедена дека нешто не е во ред. Што требаше да направи?

Таа вечер, во својот дом, таа се помоли: „Господи, помогни ми да ѝ помогнам на оваа девојка“.

Во 4 часот наутро, таа се разбуди со силна мисла дека треба да се врати во собата на оваа девојка. Помисли: Зошто? Мора да спие. Само ќе ја разбудам. Потоа ѝ дојде друга мисла: „Можеби е болна.“

Ивона отиде во собата на девојката и ја отвори надворешната врата. Светлина се наѕираше од под втората врата. Ја отвори и ја виде девојката како лежи во кревет, гледајќи во мобилниот телефон.

Таа тивко ја затвори вратата и тргна кон својата канцеларија, клекнувајќи да се помоли. „Господи, што треба да направам?“

Овој пат, таа доби идеја да разговара со девојката. Ивона се врати во собата и ги помина следните два часа разговарајќи со ученичката. На крајот од нивниот разговор, девојката рече: „Знаеш, не сакав да ти го дадам мојот друг телефон, а го користев цело време. Но, сега ми е лесно да го предадам затоа што знам дека навистина се грижиш.“

Ивона ила пресреќна. Девојката сфатила дека не се обидува да биде нељубезна, туку дека сака да ѝ помогне да ја надмине зависноста од користење на телефонот. Во раните часови таа ноќ, девојката одлучи Бог да биде Господар на сите електронски уреди.

Ви благодариме за вашиот дар на 13- сабота, познат и како тримесечен дар за мисионски проект, кој ги води луѓето кон Бога, кој ни дава сила да ги надминеме сите зависности.

Богенхофен, кој се наоѓа во близина на Браунау, Австрија, примил дел од средствата од дарот на 13-та сабота во 1986 година за отворање на блокот женски спални каде што се случило ова искуство.

Средствата од ова тримесечје ќе помогнат уште повеќе луѓе да го запознаат Бога низ целата Интеревропска дивизија, што ја вклучува и Австрија..



# Хармонија со небесно потекло

ШПАНИЈА | 18. јули

**Алберт и Лигија**

*ДО ВОДАЧОТ НА САБОТНАТА ШКОЛА: Замолете две лица, маж и жена, да го изнесат мисионското искуство за оваа седмица. Тие можат наизменично да ги презентираат искуствата на Алберт (40) и Лигија (39).*

**Лигија:** Родена сум во адвентистичко семејство во Венецуела и пораснав со учењата за Бога. Сепак, кога имав 22 години, ја напуштив црквата и влегов во светот на шоу -бизнисот и модата. Со години работев како модел на натпревари за убавина како што се Мис Венецуела, Мис Тропски Острови и Мис Хиспаноамерика. Работев на телевизија, во филмови и во театар. Се појавував во списанија и модни каталози. Сопственик бев на неколку бизниси. Мојот живот изгледаше совршено однадвор, но однатре се чувствував празно.

**Алберт:** Пораснав во мал град на околу 120 км од Барселона, Шпанија. Моето семејство имаше одредена религиозна заднина, но бидејќи верата не беше централен дел од секојдневниот живот, пораснав во агностичка средина. Отсекогаш имав длабоки прашања за животот и смртта. Барав одговори во разни светски религии, но никогаш не помислував дека вистината по која копнеев може да се најде во Библијата. Ја сакав архитектурата, културата, патувањата, откривањето на светот и историјата. Мојот живот беше полн со забави и бесмислени врски, покрај кои бев празен и незадоволен.

**Лигија:** И јас патував низ светот. Иако бев далеку од Бога, длабоко во срцето чувствував дека не припаѓам во светот на шоу-бизнисот. Знаев дека Бог ме штити, но чувствував дека враќањето кај Него е невозможно. Моите викенди беа исполнети со настани, а мојот начин на живот беше далеку од она што Бог го сакаше за мене.

По многу неуспешни врски, вклучувајќи една што беше особено болна, донесов радикална одлука. Ја напуштив кариерата. Се откажав од сè, вклучително и од работата. Мојот идентитет беше вкоренет во шоу-бизнисот, а сега немав поим која сум. Во тоа време живеев во Шпанија.

## Во врска со искуството

- Покажете ја Шпанија на карта на светот. Покажете го градот Сагунто, во близина на Валенсија, кој е дом на адвентистички колеџ кој доби од средства од дарот на 13-тата сабота во 2020 година.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Посетете ја веб-страницата на Алберто и Лигија: elcieloalatierra.com

## Мисионски информации

- Во текот на летото 1903 година, браќата Франк и Валтер Бонд пристигнале од Калифорнија и се населиле во Каталонија, и покрај тоа што не го знаеле локалниот јазик (каталонски), тие се вработиле, користејќи го своето оскудно познавање на шпанскиот јазик. Тие отвориле училиште, а во јуни 1904 година крстиле три души.

Станав многу тажна и почнав да барам одговори во книги за психолошко самоспознание. Во текот на процесот, направив список на работи и желби за мојот иден сопруг. Првата ставка на списокот беше дека мора да верува во Бог.

**Алберт:** Го допрев дното по години поминати во забавување и барање одговори на сите погрешни места. Чувствував дека на мојот живот му треба нова смисла. Станав длабоко тажен и разочаран. Моето срце беше подготвено за нешто ново. И тогаш нашите патишта се вкрстија.

Кога се сретнавме, на наше изненадување, нашите разговори природно почнаа да се вртат околу религијата.

**Лигија:** На нашиот втор состанок, му покажав музички спот на еден познат пејач од адвентистичката црква на седмиот ден во Шпанија. Никогаш порано не сум го правела тоа со никого. Алберт првично беше шокиран и изненаден, но не кажа ништо за тоа.

Нашите разговори станувaa сè подлабоки и подлабоки. Алберт почна да го открива Бога, а јас повторно почнав да го запознавам преку сопствени искуства, а не од традиција.

**Алберт:** Ги поминувавме вечерите плачејќи, зборувајќи и смеејќи се – обидувајќи се да разбереме како Бог нѐ довел до оваа точка. За Лигија, тоа беше како враќање дома. За мене, тоа беше почеток на нова реалност за која никогаш не мислев дека е можна. Откривањето на Бог од Библијата изгледаше лудо. Но, се покажа како најубавата вистина што некогаш сум ја пронашол.

**Лигија**: Сфативме дека нашата врска не е само меѓу нас двајца. Таа беше меѓу тројца: Алберт, мене и Бог. Од самиот почеток, Бог беше во центарот, водејќи нѐ во секој чекор. Кога сфативме дека Тој има план за нас, решивме да се свршиме.

**Алберт:** Се крстивме, а потоа се венчавме. Сфативме дека сè што доживеавме дотогаш не се одвиваше случајно. Сè од нашето минато беше празно, но сега Бог нѐ исполнуваше

со својата љубов. Ни покажа дека светскиот успех, забавите и плитките врски никогаш не можат да ја пополнат празнината во човечкото суштество, што само Тој може.

**Лигија:** Бог нè спаси од светот на површноста. Сега го посветивме нашиот живот на работа за Него, помагајќи им на другите да ја пронајдат истата преобразувачка љубов што ние ја пронајдовме во Бога.

**Алберт:** Денес одиме заедно верувајќи дека Бог оди пред нас и нè води. Нашата мисија е да ја споделиме оваа порака и да им сведочиме на луѓето кои, како нас, ја бараат смислата на животот.

**Лигија:** Тоа е нашата приказна: од светот, право во Божјите раце.

**Нараторот:** Денес, Алберт студира на мастер-студии на катедрата за вера и наука на Адвентистичкиот универзитет во Сагунто во Шпанија, за да можат тој и Лигија поефикасно да ја споделуваат Божјата порака со секуларните луѓе. Браќата и сестрите од целиот свет му помогнаа на Алберт да ги оствари студиите.

Дел од даровите на 13-тата сабота, попознати како дарови на тримесечниот мисионски проект, бил искористен за проширување на Теолошкиот факултет каде што студира.
Ви благодарам за вашиот великодушен придонес ова тримесечје, кој ќе поддржи повеќе проекти и ќе го шири евангелието главно во секуларните држави од Интеревропската дивизија, вклучувајќи ја и Шпанија.




# Сонот на Енох, прв дел

ШПАНИЈА | 25. јули

**Енох**

На Енох му се чинело како да го живее животот од соништата во Шпанија. Тој бил заеднички сопственик на ординација за физикална терапија со деловен партнер, близок пријател, во Барселона и уживал во својата кариера повеќе од 20 години. Неговата сопруга, Ингрид, работела како физиотерапевт во адвентистички дом за стари лица. Тие имале два сина и удобен живот.

Затоа Енох не можел да разбере зошто постојано чувствувал желба да стане адвентистички пастор. Не са-

кал Бог да мисли дека е неблагодарен за успешната кариера со која бил благословен. Не сакал да каже: „Ти благодарам за сè што ми даде, но сега сакам да бидам пастор“. Затоа не му се молел на Бога за оваа желба и не ѝ кажал на Ингрид.

Потоа дошла пандемијата COVID-19, и тој и неговиот деловен партнер морале да ја затворат својата ординација околу три седмици. Кога повторно ја отвориле, желбата на Енох да стане пастор станала уште посилна. Чувствувал дека не прави доволно за Бога. Разговарал за Исус со некои клиенти и се молел со нив, но не сите биле отворени да слушнат за Бога. Енох копнеел постојано да зборува за Исус. Да се биде физиотерапевт не му се чинело доволно.

Најубавите моменти од денот на Енох биле со Бога. Тој ги сакал утринските молитви и личното проучување на Библијата. Забележал дека сè што читал наутро честопати било токму она што му требало на еден од неговите клиенти да го чуе тој ден. Некои дури почнале да бараат од него да се моли за нив.

Сепак, Енох не се молел да стане пастор. Тој си мислел: „Морам да ја вршам Божјата волја“ и „Неговата волја ме одведе до физикална терапија“.

Но, секоја вечер, кога ќе се врател дома, се наоѓал себеси како разговара со својата сопруга Ингрид само за духовни теми и за молитвите што ги споделувал со своите клиенти.

Конечно, Ингрид еден ден рекла: „Мора да ти кажам нешто. Бог ми стави на срце да ти кажам дека мора да одиш во Сагунто да студираш теологија и да станеш пастор.“

Адвентистичкиот факултет Сагунто е место каде што се обучуваат пастори во Шпанија.

Кога Енох ја слушнал својата сопруга како ги кажува овие мисли, кои тој ги криел во себе, идејата му звучела уште поневеројатно. Имал добра работа. Тој и неговата сопруга ја сакале Барселона. Нивните синови оделе во адвентистичко училиште таму. Тој ѝ рекол: „Ако е тоа Божја волја — а не само моја желба — Тој ќе ни даде осведочување.“

Сепак, Ингрид не сакала да се откаже. Секоја седмица го потсетувала: „Бог постојано ми ставал на срце дека мора да одиме во Сагунто.“

Секој пат, Енох би одговарал: „Тоа е невозможно. Ни треба куќа, работа и ново училиште за момчињата. Не треба да губиме време размислувајќи за тоа.“

Еден ден, Енох ги споделил своите чувства со својот зет, кој бил пастор. Не планирал да каже ништо, зборовите едноставно му излегле од уста. Неговиот зет ветил дека ќе се моли, додавајќи: „Ако е Божја волја, Тој ќе те осведочи.“

Потоа таткото на Ингрид починал и семејството почнало да размислува да се пресели за да биде поблиску до нејзината мајка. Ингрид и Енох се молеле: „Дали треба да останеме во Барселона, да се преселиме за да ѝ помогнеме на нашата мајка или да одиме во Сагунто?“

Ингрид ја испратила својата работна биографија на неколку места во градот на нејзиниот татко, но никој не одговорил. Во меѓувреме, ординацијата по физикална терапија на Енох во Барселона цветала. Тој и неговиот деловен партнер дури се договориле да купат недвижнини за да се прошират.

Додека ја пополнувале документацијата, еден пријател одеднаш го прашал: „Зошто не си пастор?“

Енох бил шокиран. „За што зборуваш?“

„Те гледам како зборуваш за Исуса со твоите клиенти“, рекол неговиот пријател. „Очигледно ти се допаѓа тој повик. Па зошто не си станал пастор?“

Набргу потоа, Енох и неговото семејство се нашле на кампусот на Адвентистичкиот универзитет Сагунто – каде што почнал да студира теологија за да стане пастор. Тоа не бил нивен план. Тоа бил Божји план.

Дознајте точно што се случило во мисионското искуство следната седмица.

Дел од даровите на 13-тата сабота, повеќе познат како дарови за тримесечен мисионски проект, беше употребен за проширување на теолошкиот факултет каде што студира Енох.

Уште еден проект на дарот на 13-тата сабота беше употребен за проширување на теолошкиот факултет, каде што сега работи Ингрид.

Исто како што овие дарежливи мисионерски средства направија голема разлика во животот на Енох, Ингрид и другите, вашиот придонес во ова тримесечје може да помогне во обликувањето на животот на луѓето за вечноста.

Ви благодариме за вашата великодушна поддршка на мисионските проекти во Интеревропската дивизија, која ја вклучува и Шпанија.

## Во врска со искуството

- Покажете ја Шпанија на карта на светот. Покажете го градот Сагунто, во близина на Валенсија, кој е дом на адвентистички колеџ кој доби средства од дарот на 13-тата сабота во 2020 година.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Погледнете кратко видео на YouTube за Енох на англиски јазик: bit.ly/Enoc-E-EUD.
- Погледнете кратко видео на YouTube за Енох на шпански јазик: bit.ly/Enoc-S-EUD.

## Важни факти

- Шпанија станала во голема мера христијанска под Римјаните. Подоцна, германските племиња од Европа го освоиле регионот, а во 711 година од н.е., муслиманите од Африка ја освоиле Шпанија.
- Во 1492 година, христијанските кралства во северна Шпанија ги победиле муслиманите и ја ширеле католичката религија.
- „Саграда Фамилија“ е католичка катедрала во Барселона, а ја проектирал познатиот архитект Антони Гауди. Таа е во изградба од 1882 година, но и покрај тоа што е недовршена, добила статус на светско наследство на УНЕСКО.



# Сонот на Енох, втор дел

ШПАНИЈА | 1. август

**Енох**

*ЗА ИСКУСТВОТО ОД МИНАТАТА СЕДМИЦА: На Енох му се чинело како да го живее животот од соништата во Шпанија. Тој имал успешна ординација за физикална терапија со деловен партнер во Барселона. Неговата сопруга, Ингрид, работела како физиотерапевт во адвентистички дом за стари лица. Тие имаат два сина кои со задоволство учат во локалното адвентистичко училиште. Затоа не можел да разбере зошто чувствувал желба да оди на Адвентистичкиот факултет Сагунто и да студира теологија. Еден ден, додека неговиот бизнис партнер и тој ја завршувале документацијата за да купат нов простор и да направат големо проширување на нивната ординација за физикална терапија, пријателот го прашал зошто не станал пастор.*

Таа вечер, Енох ѝ раскажал на Ингрид за својот разговор со својот пријател. Следниот ден, требало да ги потпише документите. Ингрид, која со месеци го наговарала да стане пастор, очајно се молела: „Боже, не можеме да правиме планови врз основа на Твоето молчење. Можеме да одиме во кој било правец, но те молам, нека биде Твоја волја."

Следното утро, Енох се разбудил рано за своето лично богослужение. Откако прочитал од Библијата и се помолил, ја отворил библиската поука за возрасни и почнал да учи за верата на Авраам. Прочитал како Бог барал од Аврам да ја напушти својата земја и да оди на место што Тој ќе му го покаже. Енох се помолил: „Толку е лесно кога зборуваш толку јасно. Мислам дека сите ние луѓето сакаме да чуеме директна наредба од Тебе."

Во 7 часот, заѕвони телефонот на Енох. Тоа бил деканот на Адвентистичкиот факултет Сагунто.

„Жал ми е што се јавувам толку рано", рекол тој, „но видов дека веќе си активен на интернет (WhatsApp), па знаев дека си буден. Сакам нешто да те прашам."

„За што се работи?" прашал Енох, малку збунет.

„Слободно можете да кажете не", рекол деканот. „Но, морам да прашам нешто што Бог ми го стави на

срце. Сакаме вие и вашата сопруга да дојдете во Сагунто. Вие би биле прецептор во машкиот студентски блок, а вашата сопруга помошник прецептор за девојките во женскиот студентски блок. Ќе ви дадеме плата и сместување.“

Енох не можел да им верува на своите уши. Деканот му се обратил исто како што Бог му кажал на Авраам – директно и јасно.

Кога деканот завршил со описот на работните места, рекол: „Добро, сега можете да ми кажете не. Знам дека имате свој успешен бизнис, но морав да прашам.“

Енох го изгубил гласот. Конечно, успеал да каже дека со години сонувал да стане пастор, но тоа секогаш му изгледало невозможно. Сега повикот на деканот му изгледал како Бог да му ја отвора вратата.

Деканот се изненадил.

По разговорот, Ингрид прашала што се случило. „Штотуку се јави Деканот на Адвентистичкиот факултет Сагунто“, рекол Енох. „Тој сака да одиме во Сагунто и да работиме како прецептори.“

Ингрид почнала да плаче. Нејзината молитва претходната ноќ била Бог јасно да ја открие Својата волја. Сепак, нејзината лична желба по неодамнешната смрт на нејзиниот татко била да се пресели поблизу до нејзината мајка.

„Не“, рекла Ингрид. „Сакам да одам кај мајка ми.“ Таа му кажала на Енох дека ѝ е потребен јасен знак од Бога дали да се пресели во Сагунто.

„Дали мислиш дека она што се случи не е доволно јасно?“ прашал Енох.

„Не, ми треба мој знак“, одговорила таа.

Енох и Ингрид се помолиле. Тие му кажале на Бога дека Гедеон добил не еден, туку два знака, од текстот прочитан во Судии 6, и го замолиле Бога да го стори истото и за нив.

Следното утро, додека се возела кон работното место, Ингрид се помолила. Се сетила на библиската друштвена игра што таа и Енох ја на-

## Во врска со искуството

- Покажете ја Шпанија на карта на светот. Покажете го гратчето Сагунто, во близина на Валенсија, каде се наоѓа адвентистичкиот колеџ кој прими дел од дарот на 13-тата сабота 2020 г.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Погледнете го краткото видео на YouTube со Енох на англиски јазик: bit.ly/Enoc-E-EUD.
- Погледнете го краткото видео на YouTube со Енох на шпански јазик: bit.ly/Enoc-S-EUD.

## Важни факти

- Шпанија е најголемиот производител на маслиново масло во светот, со речиси 40% од вкупниот светски производител.
- Шпанија е земја полна со обичаи. Една од нив е поврзана со Нова Година, кога се јадат 12 зрна грозје во текот на последните 12 секунди од годината. Луѓето веруваат дека ова ќе им донесе среќа.

правиле за време на карантинот поради Ковид. Ја предале во младинското одделение на Адвентистичката црква во Шпанија, но со месеци не добиле никаква повратна информација.

Таа се помолила: „Ако секретарот за млади на Унијата ме контактира во врска со натпреварот, ќе го сфатам тоа како знак дека треба да одиме во Сагунто."

Потоа повторно се помолила. „Премногу барам", му рекла на Бога. „Не сме разговарале толку долго. Нема потреба да ме повика. Само треба да ми дадеш до знаење дека тоа е Твоја волја."

Триесет минути подоцна, секретарот за млади ѝ пратил порака по телефон. Тој напишал: „Немам ништо конкретно да ти кажам за натпреварот. Само сакав да знаеш дека сè уште го разгледуваме. Тоа е сè."

Ингрид го повикала Енох. „Одиме во Сагунто", му рекла таа.

„Што се случи?" прашал тој.

„Ќе ти кажам вечерва дома."

Денес, Енох и Ингрид живеат и работат во Адвентистичкиот колеџ Сагунто. Нивните два сина го стекнуваат своето образование во Адвентистичкото училиште на истиот кампус. Енох го продал својот дел од ординацијата за физикална терапија и сега студира теологија и радосно сведочи за Исус со полно работно време.

„Одлучивме секогаш да бидеме подготвени да го слушаме Божјиот глас, Неговата волја и што и да побара од нас", изјавува Енох. „Нашиот живот не ни припаѓа нам. Бог нè донесе овде и отсега ќе одиме каде и да нè испрати Тој."

Еден дел од даровите на 13-тата сабота, познати како дар за Тримесечниот мисионски проект, беше употребен за проширување на теолошкиот факултет каде што студира Енох.

Друг дел од даровите беше употребен за изградба на женскиот блок спални соби, каде што сега работи Ингрид.

Исто како што овие великодушни мисионски средства во голема мера влијаеја врз животот на Енох, Ингрид и другите, вашиот придонес во ова тримесечје може да помогне животот и на многу други луѓе да се обликува за вечноста.

Ви благодариме за вашата великодушна поддршка на мисионските проекти во Интеревропската дивизија, која ја вклучува и Шпанија.



# Долгоочекуваната градежна дозвола

БУГАРИЈА | 8. август

**Марјан**

За да изградите каква било зграда во Бугарија, потребна ви е градежна дозвола.

Градежната дозвола ја издава градот. Бидејќи Адвентистичката црква на седмиот ден планирала да отвори голема црква во главниот град на земјата, Софија, морала да добие градежна дозвола, која морала да ја потпише главниот урбанистички архитект на градот.

За да добиете потпис, мора да закажете состанок лично со главниот архитект. Но, тој не бил достапен секој ден. Едно попладне месечно доаѓал во својата канцеларија за да потпишува градежни дозволи.

Покрај тоа, закажувањето состаноци можело да се изврши само преку телефон. Закажувањето состаноци лично не било дозволено.

Ива, секретарка на канцеларијата на унијата на Адвентистичката црква на седмиот ден во Бугарија, морала да се јави кај секретарката на главниот градски урбанист за да закаже состанок.

Задачата не била едноставна. Кога Ива се јавила, во текот на првиот месец, телефонската линија била постојано зафатена. Вториот месец, линијата била слободна, но никој не се јавувал. Во третиот и четвртиот месец, повторно била постојано зафатена.

Конечно, претседателот на унијата на Адвентистичката црква во Бугарија отишол во канцеларијата на главниот архитект за урбанизам, за лично да ја објасни ситуацијата.

„Не можете да закажете состанок со доаѓање овде“, рекла секретарката. „Мора да се јавите на телефон.“

Затоа претседателот ја повикал Ива од канцеларијата на главниот архитект и ѝ рекол: „Во канцеларијата сум. Ве молам, веднаш јавете се кај неговата секретарка.“

Ива барала повеќе пати, но никој не се јавувал. Телефонот ѕвонел ли ѕвонел. Претседателот можел да чуе. Секретарката можела да чуе. Но никој не се јавувал. Видно вознемирена, Ива му се јавила на претседателот и рекла: „Ве молам, повикајте ја лично.“

Тоа и го направил. Стоејќи точно пред секретарката, се јавил во нејзината канцеларија, но таа не се јавила.

Тогаш адвентистите почнале да се сомневаат дека некој друг можеби сака да им го купи земјиштето. Имотот што го купиле за Адвентистичката црква во Софија бил врвен недвижен имот — веднаш до подземниот влез во метро-станицата. Од едната страна на идната црква се наоѓал го-

## Во врска со искуството

- Покажете ја Бугарија на картата на светот, а потоа нејзиниот главен град Софија каде што се градат новата зграда на Адвентистичката црква и градинката „Шарена надеж“.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Погледнете кратко видео на YouTube со Маријан: bit.ly/Marian-EUD.

Знајте дека Адвентистичката црква купила земјиште во 2000 година, но изградбата била запрена до октомври 2024 година. Во тој период, црковната заедница одржувала служби на разни изнајмени локации. Некое време, тие ја делеле зградата со друга адвентистичка заедница и наизменично ја користеле салата за богослужба. Подоцна, се преселиле на вториот кат од општинскиот центар. Бројот на верници постојано растел - вклучувајќи 40 деца - и заедницата била воодушевена што конечно имала поголем простор за богослужба и служење на луѓето од локалната заедница со подготовка и дистрибуција на храна и облека во текот на седмицата.

## Мисионски информации

- На почетокот на 1890-тите, група германски адвентисти, кои емигрирале од германските населби во Русија, се населиле во Романија, во близина на бугарската граница. Тие ги шиtoday реле своите верувања меѓу своите романски и бугарски соседи.
- Во 1899 г., „Патот кон Христаа“ од Елена Г. Вајт билала првата адвентистичка книга преведена и објавена во Бугарија на бугарски јазик.

Во 1911 година, Ц. Моцер, пасторор од Германија, ја организирал Бугарската мисија. До 1912 година, во Софија била организирана црква од осум членови.

Адвентистичката црква на седмиот ден не била официјално признаена од бугарската влада сè до 1990 година.

лем трговски центар. Од другата страна била главната трамвајска станица. Некој веројатно се надевал дека адвентистите ќе се откажат и ќе го продадат земјиштето по ниска цена.

Верниците на црквата почнале сесрдно да се молат за нивната идна црква. Тие се молеле 25 години. Конечно, новиот главен урбанистички архитект на Софија ја презел функцијата и ја потпишал долгоочекуваната градежна дозвола. Изградбата на црквата започнала во октомври 2024 година со помош на дарот на 13-тата сабота, познат и како дар за тримесечниот мисионски проект.

„Драго ни е што нашите молитви конечно се исполнија по 25 години“, вели Марјан, главниот старешина на црквата.

Адвентистичката црква Запад, во Софија, е во изградба, благодарение на поддршката од великодушните донатори од целиот свет кои помогнаа со своите прилози во првото тримесечје од 2020 година.

Ова тримесечје, можете да помогнете да се рашири радосната вест за скорешното доаѓање на Исус низ цела Бугарија. Дел од средствата ќе бидат наменети за изградба на адвентистичка предучилишна установа наречена „Шарена надеж“. Ова ќе ја пресели детската градинка од изнајмени објекти во зграда што ѝ припаѓа на црквата.

Ви благодариме што со своите средства великодушно придонесувате за тримесечните мисионски проекти.



# Прва адвентистичка претшколска установа

БУГАРИЈА | 15. август

**Марија**

*ЗАБЕЛЕШКА НА УРЕДНИКОТ: Мисионското искуство за оваа седмица зборува за адвентистичката претшколска установа наречена „Шарена надеж“ во Софија, Бугарија, која ќе добие дел од дарот на 13-тата сабота, познат и како дар на тримесечниот мисионски проект.*

Синот на Марија имал три години и таа не сакала да го прати во државна градинка во Бугарија. Но, немала друга опција. Немало адвентистички градинки и не била сигурна што да прави.

Како што се приближувал крајот на нејзиното породилно боледување, Марија била загрижена дење и ноќе.

Бугарија имала великодушна политика за породилно отсуство, па таа можела да остане дома со својот син три години. Но, наскоро морала да се врати на работа. Иако ги сакала своите колеги и била задоволна од својата плата, не се чувствувала пријатно кога ќе помислела дека треба да го испрати својот син во државна градинка.

Конечно, една вечер, во очај, се свртела кон својот сопруг и го прашала: „Што да правам? Наскоро морам да се вратам на работа.“

Тој ја погледнал сериозно и одговорил: „Кога ќе сфатиш дека Бог сака ти самата да направиш нешто?“

Неговите зборови ја изненадиле Марија. Како да го слушнала гласот Божји. Таа знаела дека тој е во право. Требала да ја отвори првата адвентистичка градинка во Бугарија. Но, како? Тоа било во 2016 година, кога во Бугарија немало адвентистички образовни институции.

Додека ја споделувала својата визија со членовите на црквата, некои изразиле сомнеж дека идејата би можела да успее.

„Не си го трошете времето“, рекле тие. „Тоа е невозможно. Сите предучилишни установи и училишта се бесплатни во Бугарија, па кој би платил да ги праќа своите деца во градинка?“

Меѓутоа, само три месеци подоцна, градинката „Шарена надеж“ ги отворила своите врати.

Потребни биле шест седмици за да се најде соодветна локација. Со својот тригодишен син во количка, Марија барала потенцијални локации низ целиот бугарски главен град

## Во врска со искуството

- Покажете ја Бугарија на мапа на светот, а потоа нејзиниот главен град Софија, каде што се градат нова зграда на Адвентистичка црква и детска градинка „Шарена надеж“.

  Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Погледнете го краткото видео на YouTube со Марија: bit.ly/Maria-YA-EUD.
- Треба да се напомене дека синот на Марија во меѓувреме тргнал во основно училиште, но нејзината петгодишна ќерка сега е во градинка.

## Важни факти

- Римското Царство го освоило регионот на денешна Бугарија во 45 година од нашата ера.
- Христијанството почнало да се шири во оваа област во четвртиот век. Борис I, водачот на првото Бугарско Царство, го укина паганството во 864 година, дозволувајќи му на источното православно христијанство да процвета.

Софија. Барала насекаде освен во своето соседство. Сакала локацијата да биде погодна за тимот што го собрала, а не само за себе, на околу 15 минути пешачење од дома. Но, никој не сакал да ѝ изнајми соодветен објект. Кога сопствениците на недвижности би чуле дека сака да отвори градинка, вртеле со главите и велеле:

„Не, не сакаме мали деца да ни го уништуваат објектот.“

Марија била очајна. Не ја разбирала Божјата волја и зошто не може да најде соодветно место.

Ѝ останале само шест седмици додека не се врати на работа, а времето брзо минувало. Марија повторно се помолила и си рекла: „Ќе почнам да барам соодветен објект поблиску до мојот дом.“

Тогаш видела оглас за изнајмување куќа на истата улица. Штом ја видела зградата, знаела дека тоа е местото што Бог го подготвува. Се помолила сопственикот на зградата да го осети истото убедување.

Сопственичката изгледала отворена за идејата, а Марија го повикала својот тим да ја разгледа куќата. Им се допаднала, а на сопственичката ѝ се допаднал и тимот. Сопственичката се согласила да ја изнајми куќата, дури и нудејќи великодушен попуст, бидејќи разбрала дека градинката е почетен проект, започнат без многу средства и без гаранција за профит.

Пред да го потпише договорот за закуп, Марија знаела дека мора да им каже на сопствениците дека градинката ќе ги учи децата на вредностите на Адвентистичката црква на седмиот ден. Се прашувала како ќе реагираат. Некои Бугари со презир гледале на адвентистите, сметајќи ги за секта.

На денот кога Марија отишла да го потпише договорот, влегла во куќата и го видела сопругот на сопственичката како седи во фотелја и чита Библија. Била изненадена. Се покажало дека тој е пензиониран професор по религија и филозофија.

Марија седнала на масата. Сопственичката ја погледнала и рекла: „Вие сте член на Адвентистичката црква, зар не?“

Марија била уште повеќе изненадена. Како знае?

Сопственичката ја пронашла веб-страницата на градинката на социјалните мрежи и дознала дека е поврзана со Адвентистичката црква на седмиот ден. Таа имала многу позитивно мислење за адвентистите. Како наставничка по пијано, таа во текот на годините им предавала на бројни адвентистички ученици. Рекла дека е среќна што го доверила својот дом на адвентистичка градинка.

Градинката била отворена на 15 септември 2016 година. Бог го благословил тој потфат и две години подоцна била отворена втора градинка со истото име на нова локација. Денес, едната градинка има 16 деца, а другата 14.

До ден-денес, Марија и сопственичката на првата градинка одржуваат топло пријателство. Секојпат кога разговараат, сопственичката вели: „Вие сте поинакви. Бог дејствува во вашиот живот.“

Марија и нејзиниот тим редовно се молат за сопственичката и нејзиниот сопруг. „Тие немаат деца“, рекла Марија. „Велат дека изнајмувањето на оваа куќа им дава чувство на смисла и исполнетост. Тие секогаш нè поддржуваат. Знаеме дека Бог има план за нивниот живот преку нас и продолжуваме да се молиме за нив.“

Дел од прилозите од ова тримесечје ќе ѝ овозможи на градинката „Шарена надеж“ да се пресели од еден од своите изнајмени објекти во сопствена зграда во Софија. Ви благодариме што сте дел од овој проект кој го менува животот во Бугарија.



# Омилената книга на Софија

БУГАРИЈА | 22. август

## Софија

*ЗАБЕЛЕШКА НА УРЕДНИКОТ: Искуството за оваа седмица зборува за адвентистичката градинка наречена „Шарена надеж“ во Софија, Бугарија, која ќе добие дел од дарот на оваа 13 сабота, познат и како дар на тримесечниот мисионски проект.*

Софија било интелигентно, љубопитно двегодишно девојче во Бугарија. Никогаш не слушнала за Бога дома бидејќи нејзините родители не биле заинтересирани за религијата. Сепак, нејзините родители

слушнале позитивни работи за адвентистичка градинка во главниот град на Бугарија, Софија, и биле сигурни дека Софија треба да оди во таа градинка.

На Софија веднаш ѝ се допаднале библиските приказни што ги слушала секое утро во градинка. Ги впивала приказните и наскоро многу од нив ги знаела и напамет.

Кога Софија имала три години, таа можела да ги поврзува библиските приказни. Еден ден, нејзината воспитувачка ја прочитала приказната за Самсон и зборувала за тоа како лошите Филистејци го заробиле Самсона и го ставиле во затвор.

„О, Филистејци!", рекла Софија. „Голијат бил Филистеец."

И таа била во право! Филистејците што го заробиле Самсон биле народот од кој подоцна потекнувал џинот Голијат за време на владеењето на царот Саул и Давид.

Набљудувањето на Софија ја воодушевило нејзината воспитувачка. Таа била навистина извонредно девојче.

Еден ден, мајката на Софија ѝ испратила на воспитувачката фотографија од Софија како држи час за деца во Саботната школа на Адвентистичката црква на седмиот ден. Воспитувачката била изненадена бидејќи не им ја дала таа книга на семејството на Софија.

„Каде ја доби таа книга?" прашала воспитувачката.

Се покажало дека непознат маж ѝ ја дал книгата на Софија во трговскиот центар.

На Софија многу ѝ се допаднала поуката на саботната школа. Но, нејзината омилена книга била детската Библија што ѝ ја дала нејзината воспитувачка во градинка. Ја носела Библијата дома и секој ден ги гледала нејзините шарени слики. Додека ги вртела страниците, се потсетувала на библиските приказни што ги слушала во градинка.

Така, еден ден, воспитувачката забележала дека Софија шета низ градинката носејќи друга Библија во рацете – мала, црвена. Ја носела цел ден. Конечно, воспитувачката прашала: „Зошто ја носиш оваа Библија насекаде?"

„Тоа е мојата омилена книга", рекло малото девојче. „Жал ми е што ја немам дома. Сега ќе одам кај баба ми и ќе морам да се збогувам со оваа книга."

Воспитувачката била подеднакво изненадена. Таа знаела колку Софија ја сака детската Библија што ја имала дома. Малата црвена Библија имала многу мал текст и немала убави слики како што има детската Библија. Но, тој ден, Софија одлучила дека црвената Библија е нејзината омилена книга – и не сакала да се раздели од неа.

Кога Софија излегувала од градинка тоа попладне, нејзината воспитувачка ѝ ја дала малата црвена

Библија. Софија била одушевена. Ја однела дома, а потоа и кај баба си истиот викенд.

„Се радувам кога гледам како Софија се развива“, изјавува нејзината воспитувачка Марија. „Таа има длабока врска со Бога. Токму денес, за време на нашето утринско богослужение, таа се помоли за нашиот град и за растенијата во нашиот двор.“

Дел од даровите ова тримесечје ќе ѝ овозможат на градинката „Шарена надеж“ да се пресели од изнајмен објект во сопствена зграда во Софија. Повеќе од половина од децата што ја посетуваат градинката доаѓаат од семејства кои не се дел од Адвентистичката црква на седмиот ден. Некои не веруваат во Бога.

Ви благодариме за вашата великодушна поддршка на овој проект кој го менува животот во Бугарија.

## Во врска со искуството

- Покажете ја Бугарија на карта на светот, а потоа нејзиниот главен град Софија, каде што се градат нова зграда на Адвентистичка црква и детска градинка „Шарена надеж“.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Погледнете го краткото видео на Јутјуб со воспитувачката Марија: bit.ly/Maria-YA-EUD.

## Важни факти

- Во 1925 година, Грција и Бугарија биле вклучени во судир познат како „Војна на кучиња скитници“.
- Бугарија има еден од најбогатите биорезервати во Европа. Во оваа држава има три национални парка, 11 паркови на природата, 10 резервати на биосфера и 565 заштитени подрачја.
- Бугарија е најголемиот светски производител на масло од лаванда и роза, кои се користат во француските парфеми.
- Бугарската народна музика има карактеристичен звук и користи традиционални инструменти, како што се гадулка, гајда, кавал и тапани. Гајдите се национален инструмент на Бугарија.
- Бугарската кујна е слична на онаа на другите балкански земји и е под влијание на Турција и Грција. Некои од најпознатите бугарски јадења се луканка (вид салама), баница (пециво), шопска (салата), лутеница (сос од зеленчук) и козунак (сладок леб).
- Реката Дунав го формира поголемиот дел од границата на Бугарија со Романија на север.
- Бугарија е една од најстарите европски земји и единствената што не го променила името од своето основање.
- Бугарското мото е „Единството е сила“.



# Бог не греши

БУГАРИЈА | Август 29

**Гоги**

*ЗАБЕЛЕШКА НА УРЕДНИКОТ: Мисионското искуство за оваа седмица зборува за адвентистичка градинка наречена „Шарена надеж“ во Софија, Бугарија, која ќе добие дел од дарот на оваа 13-та сабота, познат и како тримесечен мисионски проект.*

Воспитувачката помислила дека таткото и мајката можеби направиле грешка кога пристигнале во адвентистичката градинка. Таткото бил покриен со тетоважи од глава до пети, а мајката изгледала како манекенка или кралица на убавина.

Таткото и мајката барале место каде да го запишат својот син, Гоги.

Воспитувачката се борела против желбата да каже дека градинката можеби не е најдоброто место за нивниот син. Молејќи се тивко, таа цврсто ги отфрлила своите предрасуди засновани на надворешниот изглед на родителите. Им кажала на родителите дека градинката има адвентистички воспитувачи кои ги учат децата да го сакаат Исуса.

„Да, да“, одговориле родителите одушевено. „Сакаме да го запишеме нашиот син тука.“

Гоги заостанувал во развојот. Кога пристигнал, не можел да разговара со другите деца. Можел само да испушта неколку звуци. Неговото однесување било типично за дете со аутизам.

Воспитувачката се молела за Гоги со денови и постојано работела со него посебно, за да ги развие неговите говорни и социјални вештини.

Со текот на времето, воспитувачката сфатила дека мајката на Гоги била длабоко посветена на својот син и многу лојална на градинката. Таа сакала да помогне на секој можен начин. Воспитувачката се изненадила кога оваа мајка, која изгледала како манекенка, почнала да оди на распродажби во супермаркетите за да ги купи најдобрите работи по најниски цени и да ѝ помогне на градинката да заштеди пари. Мајката била загрижена и за развојот на Гоги, па затоа воспитувачката почнала редовно да се состанува со неа за да разговара за животните грижи и да ѝ понуди насоки за тоа како да се справи со момчето дома.

Во текот на следните неколку месеци, Гоги почнал да зборува, правејќи и други видливи подобрувања. Воспитувачката и мајката развија топло пријателство. Исто така, воспи-

тувачката дознала дека таткото на Гоги работел како телохранител за еден бугарски гангстер.

Воспитувачката продолжила да се моли за Гоги и неговото семејство.

Едно утро, таа добила видеопорака од мајката. Гоги бил болен дома, и во видеото рекол: „Мамо, време е за духовен појадок!“

Во градинка, воспитувачката го нарекувала утринското богослужение духовен појадок. Сега Гоги сакал да има утринско богослужение со мајка си дома.

Во видеото Гоги пеел и христијански песни, исто како оние што ги пееле за време на утринското богослужение во градинката. Потоа, држејќи ја детската Библија – подарок од градинката – ѝ ја покажал на мајка си приказната што сакал да му ја прочита.

Мајката ѝ рекла дека е воодушевена. И воспитувачката била пресреќна. Сфатила дека мајката е отворена за подобро да го запознае Бога, па затоа почнала да проучува библиски теми со неа.

Животот се промени во домот на Гоги. Неговиот татко престанал да јаде месо. Градинката им служела здрави оброци на децата, а Гоги почнал да одбива да јаде месо и дома. Така целото семејство престанало да јаде месо. Мајката на Гоги велела дека таткото се чувствувал поздрав откако престанал да јаде месо. Потоа неговиот татко ја напуштил работата како телохранител и се запишал на факултет за да стане наставник по физичко образование.

Подоцна, семејството се преселило во друг град за да може таткото да предава физичко образование. Но, воспитувачката и мајката останале во контакт.

Денес, Гоги оди во четврто одделение во основно училиште и е одличен ученик. Неговата мајка сака тој да се крсти, но прво таа и таткото планираат да се венчаат. Тие живееле заедно во вонбрачна врска, а сега сакаат да ја официјализираат својата заедница пред Бога и државата.

## Во врска со искуствот

- **Покажете ја Бугарија на карта на светот, а потоа нејзиниот главен град Софија, каде што се градат нова зграда на Адвентистичка црква и детска градинка „Шарена надеж“.**
- **Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).**
- **Погледнете го краткото видео на YouTube со воспитувачката Марија, која ја објаснува важноста на духовниот појадок за децата, односно утринското богослужение: bit.ly/Maria-C-EUD.**

## Важни факти

- **Кревањето тегови и борењето се важни спортови во Бугарија, но фудбалот е најпопуларниот спорт во земјата.**
- **Бугарија била освојувана од Александар Велики, Римското Царство, Византиското Царство и Отоманското Царство.**

Во меѓувреме, мајката почнала да работи како козметичарка и отворено ја споделува својата љубов кон Исуса со своите клиенти. Градинката ѝ испратила многу Библии и други книги за да им ги подарува на нејзините клиенти. Нејзиниот сон е да стане мисионерка.

Воспитувачката сега јасно гледа: Бог не направил грешка кога ги довел таткото и мајката во адвентистичката градинка. Тој направил чудо. Таа одлука им го променила животот засекогаш.

Дел од даровите за ова тримесечје ќе ѝ овозможат на градинката „Шарена надеж“ да се пресели од изнајмениот објект во сопствена зграда во Софија. Повеќе од половина од децата што ја посетуваат градинката доаѓаат од семејства кои не се дел од Адвентистичката црква на седмиот ден. Некои не веруваат во Бога.

Ви благодариме за вашата великодушна поддршка на овој проект кој го менува животот на многу луѓе во Бугарија.



# Скршената чаша

БУГАРИЈА | 5. септември

**Дани**

*ЗАБЕЛЕШКА НА УРЕДНИКОТ: Мисионското искуство оваа седмица зборува за адвентистичка градинка наречена „Шарена надеж“ во Софија, Бугарија, која ќе добие дел од дарот на оваа 13-та сабота, познат и како Тримесечен мисионски проект.*

Дани имала само една година и девет месеци кога нејзината мајка ја однела во адвентистичка градинка во Софија, Бугарија.

Мајката била бремена и требала да го добие своето второ дете. Ѝ требало некој да ѝ помогне да се грижи за малата Дани. Иако мајката не била адвентистка на седмиот ден – припаѓала на друга христијанска деноминација – сметала дека воспитувачките во адвентистичката градинка ќе ѝ помогнат на Дани да го засака Исуса.

Дани веднаш ги засакала воспитувачките и библиските приказни што ги слушала во градинката. Нејзината мајка и остатокот од нејзиното семејство брзо ја засакале градинката и нејзиниот персонал. Родителите, бабите и дедовците, чичковците и тетките на Дани станале најголемите поддржувачи на градинката на социјалните мрежи, секогаш лајкувајќи и коментирајќи ги нејзините објави.

Еден ден, мајката на Дани дошла во градинката со необично барање. „Можете ли да ни помогнете да најдеме место за роденденската забава на Дани?“, прашала таа. „Ни треба големо место бидејќи сакаме да поканиме многу гости.“

Воспитувачките во градинката се согласиле да помогнат, а семејството на крајот организирало забава во седиштето на Адвентистичката црква на седмиот ден во Бугарија. Замислете го тоа – семејство посветени христијани од друга христијанска деноминација го слават роденденот на нивната малечка ќерка во конференциската сала на Адвентистичката црква на седмиот ден! Воспитувачките во градинката помогнале да се организира посебна прослава што вклучувала многу духовни елементи за да ги потсетат гостите на Исусовата љубов.

Сите деца, родители, баби и дедовци, чичковци и тетки што присуствувале биле длабоко импресионирани и среќни.

После тоа, семејството на Дани почнало да ги чита книгите на адвентистите на седмиот ден, вклучувајќи ја и „Копнежот на вековите“ од Елена Вајт.

На крајот, Дани пораснала и ја напуштила градинката за да тргне во прво одделение. Сепак, таа и нејзиното семејство останале во близок контакт со градинката и нејзиниот персонал. Тие ја проучуваат Библијата и ја гледаат во нова светлина.

Една година откако Дани ја напуштила градинката, нејзината мајка ѝ се јавила на воспитувачката, основачката на градинката, во 22 часот со итно барање. „Дани ја скрши чашата“, рекла таа. „Многу е тажна и плаче. Можете ли да помогнете?“

## Во врска со искуството

- Покажете ја Бугарија на карта на светот, а потоа нејзиниот главен град Софија, каде што се градат нова зграда на Адвентистичка црква и детска градинка „Шарена надеж“.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Погледнете го краткото видео на YouTube со воспитачката Марија, на: bit.ly/Maria-YA-EUD.

## Важни факти

- Главен град на Бугарија е Софија.
- Службен јазик е бугарскиот.
- Националната химна на Бугарија е „Мила Родина“ („Драга татковино“).
- Балканските планини се протегаат низ Бугарија од запад кон исток.
- Бугарија е петтиот најголем производител на јаглен во Европа.
- Потрошувачката на месо во Бугарија е пониска од европскиот просек; Бугарите вклучуваат различни салати во својата исхрана.
- Многу Бугари тресат со главата за „да“ и климаат со главата за „не“.
- Првата група за која се знае дека живеела во Бугарија биле Тракијците, племенско друштво на занаетчии, земјоделци и коњаници.

Секое дете во градинката добива стаклена чаша за пиење со своето име, заедно со рачно нацртана слика од основачот на градинката, Марија. Децата ги чуваат чашите, а кога ќе ја напуштат градинката, ги носат дома. Дани ја скршила својата чаша, нешто скапоцено што емотивно ја поврзувало со градинката.

Марија брзо ѝ испратила нова чаша преку курир до градот каде што сега живее Дани. Во пакетот ставила и неколку христијански книги.

„Ја гледаме трагата што Бог ја остава во умот на децата“, вели таа. Едвај чека да види какви планови има Бог за Дани и нејзиното семејство.

Дел од даровите за ова тримесечје ќе ѝ овозможат на градинката „Шарена надеж“ да се пресели од изнајмен објект во сопствена зграда во Софија. Повеќе од половина од децата што ја посетуваат градинката доаѓаат од семејства кои не се дел од Адвентистичката црква на седмиот ден. Некои не веруваат во Бога.

Ви благодариме за вашата великодушна поддршка на овој проект кој го менува животот на луѓето во Бугарија.

Мисионското искуство од оваа седмица зборува за проект кој ќе добие средства од дарот на 13-тата сабота од ова тримесечје, познат и како Тримесечен мисионски проект.



# Расплаканата воспитувачка

БУГАРИЈА | 12. септември

**Марија**

Една адвентистка на седмиот ден ѝ се јавила на основачот на градинката „Шарена надеж“ во Софија, Бугарија, за да ја препорача својата пријателка воспитувачка.

„Ако градинката има едно слободно место, би вредело да се размисли за тоа“, рекла жената по телефон.

„Шарена надеж“ имала повеќе од доволно воспитужачки, но Марија – основачката – со текот на годините по отворањето на градинката научила

дека Бог никогаш не дава ништо непотребно. Таа научила да го слуша Неговиот глас и да ја бара Неговата волја.

Тогаш рекла: „Во моментов градинкјата нема потреба од дополнителна воспитувачка, но би сакала да се сретнам со Тања.“

За време на разговорот за работа, Марија ја прашала Тања дали го следи Исуса. Тања одговорила дека нејзиниот сопруг се приклучил на Адвентистичката црква неколку месеци претходно и дека е лута поради тоа. Не разбирала зошто тој ги поминувал саботите во црква наместо со неа – особено затоа што работата го држела надвор од дома поголемиот дел од седмицата. Ги одбила неговите повици да ја чита Библијата или да оди во црква со него.

Марија ѝ раскажала на Тања за градинката, објаснувајќи дека ја основала во 2016 година и дека сега има околу 30 деца на две локации во Софија. Таа, исто така, опишала во што веруваат адвентистичките воспитуваачи и како работат. Осетила дека Тања е отворена за духовни работи.

Потоа разговорот се свртел кон предизвиците со кои се соочувала градинката и како Бог чудесно ги водел. Поттикната да ја покани Тања да стане дел од нивниот тим, Марија ѝ понудила работа со скратено работно време.

Два дена подоцна, Тања се јавила да објави дека ја прифаќа работата.

Еден месец подоцна, Марија го дознала остатокот од приказната.

Тања ѝ кажала дека почнала неконтролирано да плаче по интервјуто. Нејзиниот сопруг, Денислав, ја чекал во колата, а таа седела до него, плачејќи 30 минути. Тој само се насмевнал, чувствувајќи го Светиот Дух како работи на нејзиното срце.

Тања рекла дека за време на интервјуто, во нејзиното срце се појавила желба да живее живот со вера како Марија. Потоа, кога ја напуштила градинката, почувствувала како сонцето да ја осветлува на нов начин. За прв пат во нејзиниот живот, почувствувала дека Бог ја сака.

## Во врска со искуството

- Покажете ја Бугарија на карта на светот, а потоа нејзиниот главен град Софија, каде што се градат нова зграда на Адвентистичка црква и детска градинка „Шарена надеж“.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Погледнете го краткото видео на YouTube со воспитачката Марија, на: bit.ly/Maria-YA-EUD.
- Знајте дека градинката „Шарена надеж“ секогаш се стреми да има еден наставник кој не е адвентист на седмиот ден во својот тим. „Иако првенствено работиме со децата и нивните родители, денес во нашиот тим имаме и една воспитачка која не е адвентист“, рече Марија. „Секогаш е така. Овие воспитувачки исто така се дел од нашата мисија.“

Кога конечно ги избришала солзите во колата, му ветила на Денислав дека ќе оди во црква со него во сабота. Го одржала ветувањето.

Марија почнала да држи со Тања библиски теми за крштевање, а девет месеци подоцна, Тања му го предала своето срце на Исуса и се крстила. Денислав бил пресреќен.

Многу подоцна, Тања признала дека дел од својата приказна задржала за себе. Два дена по интервјуто за работа, нејзиниот поранешен работодавач ѝ се јавил за да ѝ понуди делумна сопственост на градинка. Таа ќе уживала висока плата и целосна слобода да го вработи својот тим и да ја обликува својата програма. Понудата била примамлива. Но, Тања ги измерила своите опции и сфатила дека ќе изгуби нешто непроценливо ако ја прифати понудата. Затоа ѝ се јавила на Марија и ја прифатила работата со скратено работно време.

Денес, Тања раководи со градинка на друга локација, додека Марија продолжува да ја раководи првата. Покрај тоа, Тања и Денислав станале основачи на цркви. Гледајќи ја потребата од адвентистичко присуство во непристапна населба во Софија, тие започнале мисионска програма и таму основале црква.

„Толку е прекрасно да се знае дека не можеш ништо да направиш сам“, кажува Марија. „Исус вели: Без Мене не можете ништо да правите. Но, кога сте во Неговите раце и му дозволувате да работи преку вас, Тој прави чуда.“

Дел од даровите за ова тримесечје ќе ѝ овозможат на градинката „Шарена надеж“ да се пресели од изнајмен објект во сопствена зграда во Софија. Повеќе од половина од децата што ја посетуваат градинката доаѓаат од семејства кои не се дел од Адвентистичката црква на седмиот ден. Некои не веруваат во Бога.

Ви благодариме за вашата великодушна поддршка на овој проект што го менува животот во Бугарија, како и на другите проекти што ќе добијат средства од денешниот подарок.

Останатите проекти во Интеревропската дивизија ова тримесечје вклучуваат изградба на две училишта во Романија; младински камп, црковен камп и центар за обука во Белгија; и студентски дом во Вила Аурора на Адвентистичкиот универзитет во Фиренца, Италија.



# Директорка се грижи за двајца родители

РОМАНИЈА | 19. септември

**Камелија**

Мајката ја донела својата одлука кога пристигнала во канцеларијата на директорката на адвентистичкото училиште во Мачеи, Романија.

„Дојдов да го отпишам синот од твоето училиште“, рекла таа. „Се разведувам од сопругот и веќе се преселив во друг град. Секојдневното патување од нашиот нов дом до ова училиште е предалеку.“

Директорката Камелија била тажна кога слушнала дека мајката сака да го префрли осумгодишниот Антонио во државно училиште. Осетила поттик да постави едно прашање.

„Можете ли да го повикате сопругот и заедно да дојдете тука?“ прашала таа.

Мајката се согласила и наскоро се вратила со таткото.

„Разводот е веќе голема загуба“, им рекла директорката Камелија. „Антонио ќе ги изгуби родителите и ќе го изгуби и училиштето.“

Мајката била многу вознемирена поради бракот и инсистирала на развод. Сепак, таткото изразил желба да останат заедно.

Директорката знаела дека ниту еден од нив не оди редовно во црква, па затоа им зборувала од Библијата. Таа рекла дека Бог го воспоставил бракот во Едемската градина и дека Тој не одобрува развод. Таа го цитирала Исус кој рекол: „Па така, тие веќе не се двајца, туку едно тело. А Бог што соединил човек да не разделува“ (Матеј 19,6)

„Разводот не бил дел од Божјиот план“, рекла директорката Камелија. „Тоа е план на сатаната бидејќи тој сака да ги уништи семејствата. Тој знае дека за разведен родител ќе биде особено тешко сам да се соочи со предизвиците на општеството.“

Мајката и таткото внимателно слушале.

„Имам една идеја“, продолжила директорката Камелија. „Наместо

## Во врска со искуството

- Покажете ја Романија на карта на светот. Потоа покажете го градот Мачеи, каде што се наоѓа училиштето.
- Знајте дека училиштето во Мачеи е основано во 2011 г. и дека во 2025 г. имало 72 ученици од основно и предучилишно образование. Има седум вработени воспитувачи и наставници.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).

## Мисионски информации

- Адвентистичките доктрини во Романија првпат ги проповедал М. Б. Чеховски, поранешен полски католички свештеник кој дознал за седмиот ден, саботата и претстојното враќање на Христос додека бил во Америка.
- Враќајќи се во Европа во 1864 година, тој ги проповедал овие доктрини во Италија и Швајцарија. Во текот на зимата 1868-1869 година, тој дошол во Романија и проповедал во Питешти. Неговата порака ја прифатиле околу 12 луѓе.
- Поголемите активности на Адвентистичката црква во Романија започнале во 1904 година, кога Ј. Ф. Гинтер, евангелист од Русија, се населил во Букурешт.

да се карате и да наоѓате маани еден кај друг, обидете се да кажете нешто што го цените кај другиот. Размислете што ви се допаѓа кај вашата сопруга. Кои добри особини ги има таа? Кои добри особини ги има вашиот сопруг? Што ви се допаѓа кај него?“

Мајката се согласила да почека додека не се донесе конечната одлука за префрлање на Антонио од училиштето. Но, неколку дена подоцна, по уште една расправија со нејзиниот татко, таа влетала во канцеларијата на директорката Камелија, решена да се разведе и да го префрли Антонио.

„Мојот сопруг не работи ништо“, рекла таа. „Тој нема доволно пари. Не може да го издржува семејството. Ние не го интересираме.“

Директорката сочувствувала со загриженоста на мајката, но ја поттикнала да биде трпелива. Во таа област во Романија било многу тешко да се најде работа.

Мајката сфатила дека директорката Камелија е во право. Почнала да се навикнува на идејата да не се разведе.

Потоа, по уште една расправија, таткото ја повикал директорката по телефон.

„Сопругата постојано ми вели дека немам доволно пари да го издржувам семејството и дека не се грижам за нив“, ѝ рекол тој.

Камелија го наговорила да продолжи да бара работа.

„Треба да најдеш работа за да ѝ покажеш на жена ти дека си посветен на семејството“, го советувала таа.

„Па што?“ рекол тој. „Дали треба да одам на работа само затоа што таа ми кажува да одам?“

„Да", рече таа. „Вашата сопруга ги знае потребите на вашето дете. Најдете работа. Имате дете кое треба заедно да го одгледате. И вие сте одговорни за него."

И така продолжувало истото да се случува. Секогаш кога се карале, мајката доаѓала во канцеларијата на директорката, а таткото се јавувал по телефон. Расправиите секогаш биле за недоволно пари и невработеноста на таткото. Камелија постојано ја охрабрувала мајката да биде трпелива, а таткото да најде работа. Помеѓу расправиите дома, двојката ги следела советите на директорката и наоѓала нешто убаво да кажат еден за друг.

Потоа таткото нашол работа во Франција. Се преселил и почнал да испраќа пари назад во Романија. Мајката била среќна, но сега ѝ недостигал сопругот. Човекот од кого некогаш сакала да се разведе сега бил нејзин добар пријател.

По две години, кога Антонио имал 10 години, неговата мајка го отпишала од училиштето и се преселила во Франција за да го обедини семејството.

Додека таа била во Франција, семејството останало во контакт со директорката Камелија. На Антонио му недостигала и тој инсистирал редовно да ја повикува.

Камелија дознала дека семејството пронашло црква во Франција и почнале да ја посетуваат. Тие се зближиле – не само еден со друг, туку и со Бога.

Семејството се вратило во Романија кога Антонио требало да почне да оди во шесто одделение во државно училиште. Тој би сакал да се врати во адвентистичкото училиште, но тоа нудело образование само до четврто одделение.

Директорката Камелија останала добра пријателка со ова семејство. Секогаш кога ќе го сретне таткото во градот, тој се насмевнува и вели: „Ви благодарам, госпоѓице Камелија. Благодарение на вас, не го изгубив семејството."

Дел од дарот за ова тримесечје ќе биде употребен за проширување на адвентистичкото основно училиште во Мачеи, Романија. Тоа се проширува за да прими повеќе деца.

Ви благодарам што планирате да одвоите и да принесете великодушен дар.



# Оди со вера, а не според гледањето

ПРОГРАМА НА 13-ТАТА САБОТА | 26. септември

**Романија**
**Клара и Андреа**

Клара е ведра и жива ученичка, полна со смели и креативни идеи.

Иако има само 11 години, таа со самодоверба вели дека сите нејзини молитви се услишени.

Во училиштето каде што учи, имало потреба од наставник чиј мајчин јазик е англискиот.

Сепак, од различни причини, учебната година започнала и немало кој да го пополни тоа работно место. Клара почнала да се моли за тоа, целосно уверена дека ситуацијата ќе се реши.

Времето минувало и се чинело дека никој не е заинтересиран за местото, но Клара не ја изгубила верата – таа постојано се молела за тоа.

На другата страна од светот, во Австралија, едно младо девојче по име Андреа присуствувало на кампување. Кога едно мисионско семејство ги споделило своите искуства, Андреа била длабоко трогната. Тогаш ѝ дошла една мисла, но решила ништо да не презема – не изгледало како да е вистинското време.

Таа штотуку започнала нова работа, живеела сама за прв пат, имала хипотека на куќата и требало да започне програма за професионален развој.

Сепак, додека ја прелистувала Инстаграм страницата VividFaith*, таа застанала да ги погледне нивните мисионски повици. Андреа кликнала „лајк“ и се вратила на својот секојдневен живот, оставајќи ги тие мисли зад себе.

Сепак, семето било посеано во нејзиното срце.

Во меѓувреме, во Романија, Клара продолжила да се моли и да верува.

Неколку месеци подоцна, додека одморала на плажа во Австралија, Андреа пребарувала на Инстаграм кога објавата од VividFaith ја погодила како гром од ведро

небо – објава за мисионска можност во Романија, посебно за говорник на кој англискиот му е мајчин јазик.

Таа почувствувала дека повикот е наменет за неа – преплавувајќи ја бран на сигурност и поттик за акција.

„Ова е лудо“, помислила таа. „Нема смисла. Не сум подготвена. Не сум ни обучена за ова.“

Андреа и нејзиното семејство решиле да се молат и да постат две седмици, молејќи го Бога за посебно водство. Ова само ја продлабочило нејзината убеденост дека Бог ја повикува да оди во Романија. Таа поднела барање.

Поминале два месеца без одговор. Андреа чувствувала олеснување, мислејќи дека ја избегала опасноста. Таа го направила својот дел со тоа што испратила пријава, но никој не одговорил. Можеби Бог сепак сметал дека уште не дошло вистинското време.

Потоа, во септември, Андреја добила одговор на нејзината пријава преку е-пошта.

Откако разговарала со школската администрација,

## Во врска со искуството

- Покажете ги Романија и Австралија на карта на светот, видете го растојанието помеѓу двете земји.

## Важни факти

- Главен град на Романија е Букурешт.
- Името Романија доаѓа од латинскиот збор romanus, што значи „римски“.
- Повеќето луѓе денес носат модерна облека. Сепак, традиционалната облека сè уште може да се види на фестивали. Ја носат народни музичари и танчери. Женските носии често се богато извезени, претежно со геометриски шари. Секој регион има свој препознатлив вез, бои и симболи.
- Романската кујна е под влијание на германската, австриската и балканската кујна, како што се грчката, бугарската и српската. Богатите супи и чорби се популарни, како и мититеи (мали ролни со мелено месо), мамалига (палента измешана со сирење) и сармали (полнета ролна со зелка).
- Шест места од светското наследство се наоѓаат во Романија. Постојат многу замоци, вклучувајќи го и замокот Бран, познат како „Дракулов замок“.
- Фудбалот е најпопуларниот спорт во Романија, а тенисот е втор по ред популарен спорт.
- Зградата на Парламентот во Букурешт е најголемата зграда на парламент во светот.
- По Втората светска војна, Романија била комунистичка земја сè до 1989 година, кога комунистичкиот режим бил соборен со револуција.
- Карпатите доминираат во централниот дел на Романија.

Андреа можела да види дека Бог работи зад сцената. Таа верувала дека Тој има контрола над сè и дека е најдобро да го следи Неговиот план за нејзиниот живот.

Но, таа сè уште се грижела за многу неизвесности – што да прави со нејзината нова работа, хипотеката, трошоците за живот во Романија и нејзините црковни обврски. Товарот бил огромен.

Низ солзи, таа го замолила Бога за знак дека тоа е навистина Негов план. Во тој момент, таа почувствувала посебен мир - нешто натприродно. Мир што го надминувало секое разбирање. Токму во оваа пресвртница во нејзиниот живот, таа ги отфрлила сите свои сомнежи и ја прифатила Божјата волја за својот живот.

Еден месец подоцна, Андреа пристигнала во Романија, каде што го започнала она што сега го нарекува: „најубавиот период од својот живот".

Таа научила дека, ако сакате Бог да работи преку вас, мора да бидете спремни, послушни и радосни.

Таа често вели: „Бог никогаш од вас нема да бара да се откажете од нешто без да ви даде нешто подобро за возврат".

За Клара, тоа била услишена молитва – моќен потсетник дека дури и верата на детето може да ги трогне срцата низ целиот свет. Тоа бил еден вид доказ што може да ја зајакне детската вера во Бога и да потврди дека Бог навистина ги слуша молитвите, без оглед на возраста на оној што се моли.

За Андреа, тоа била одлука да го следи Бога, кој секогаш го има најдоброто решение за нас.

Треба да ги следиме Неговите планови бидејќи, како што вели Андреа, „Бог знае подобро од нас самите".

Бог го поттикнал срцето на Андреа од другата страна на светот, додека Клара верно се молела за некој учител да дојде во нејзиното училиште во Романија. Тука Андреа станала учителка и пријателка на Клара.

* VividFaith е адвентистичка служба на седмиот ден која преку онлајн платформите ги поврзува луѓето и нуди можности за служба. Користете ја за да пронајдете или да промовирате достапни работни места.

Ви благодариме што сакате со своите средства великодушно да придонесете за проекти како овој.

( Приложување на дарот во придружба на инструментална музика.)

## Пред 13-тата сабота

- Потсетете ги сите дека нивните мисионски дарови се наменети за ширење на Божјата Реч низ целиот свет и дека 1/4 од даровите на 13-тата сабота ќе бидат употребени за проекти во  Интеревропската дивизија.
- Пред или по искуството, користете мапа за да ги прикажете земјите од Интер-европската дивизија. Можете да ја преземете мапата на мисијата со проектите на Фејсбук на: bit.li/fb-mk.

*Додека Клара верно се молела да дојде учителка во нејзиното училиште во Романија, Бог го допрел срцето на Андреа од другата страна на светот. Андреа станала учителка и пријателка на Клара.*





# Идни проекти на 13-тата сабота

**Проектите на 13-тата сабота за следното тримесечје ќе се спроведуваат во Трансевропската дивизија.**

- Градење центри на влијание во сите адвентистички училишта во Британската Унија.
- Градење нова црковна зграда во Загреб, Хрватска.
- Градење на мисионерскиот центар на семејството Вантаа во Финска.
- Градење на првото адвентистичко училиште во Полска.

# Извори за водачите

Преземете го вашето бесплатно видео *Вести за деца,* кое содржи извештаи од Интеревропската дивизија и пошироко. Преземете или проследете онлајн од веб-страницата на Адвентистичката мисија на bit.ly/missionspotlight.

## ОНЛАЈН ИНФОРМАЦИИ

Следниве извори на информации можат да бидат корисни при подготовката за вестите за деца во саботната школа. За повеќе информации за културите и историјата на земјите претставени во ова тримесечје, посетете ги:

## ВЕБ-СТРАНИЦИ

| | |
|---|---|
| Австрија: владина веб-страница | bit.ly/AustriaGovt |
| Британика | bit.ly/BritAustria |
| Австрија | Info www.austria.info/en-us |
| Бугарија: владина веб-страница | www.gov.bg/en |
| Lounli planet | bit.ly/LPBulgaria |
| Посетете ја Бугарија | visitmybulgaria.com |
| Италија: владина веб-страница | www.governo.it/en |
| Italia.it | www.italia.it/en |
| Fodors | bit.ly/FodorsItaly |
| Романија: владина веб-страница | www.gov.ro/en |
| Туризам во Романија | www.romaniatourism.com |
| Wikitravel | wikitravel.org/en/Romania |
| Шпанија: владина веб-страница | bit.ly/EspGovt |
| España | www.spain.info/en |
| Национална географија | on.natgeo.com/4jPmQXi |

## АДВЕНТИСТИ НА СЕДМИОТ ДЕН

| | |
|---|---|
| Интеревропска дивизија | eud.adventist.org |
| Австриска унија | www.adventisten.at |
| Бугарска унија | www.adventist.bg |
| Италијанска унија | www.chiesaavventista.it |
| Романска унија | www.adventist.ro |
| Шпанска унија | www.adventista.es |


АДВЕНТИСТИЧКА
МИСИЈА
за возрасни и млади

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**

**3/2026**

**Вести од светот**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка подготовка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**Адреса:**
ул.„Влае“ бр. 42

www.adventisti.mk

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА


Планирањето ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања. Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел. Исто така, потсетете ги верниците дека активностите на црквата во светски рамки зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на 13-тата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.




## ИНТЕРЕВРОПСКА ДИВИЗИЈА

| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ПОПУЛАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| Австриска | 60 | 9 | 4.419 | 9.188.000 |
| Бугарска | 97 | 113 | 6.967 | 6.447.000 |
| Чешко-Словачка | 187 | 35 | 9.715 | 16.400.000 |
| Француско-Белгиска | 169 | 50 | 20.570 | 78.765.000 |
| Италијанска | 110 | 19 | 9.712 | 59.600.000 |
| Северногерманска | 316 | 18 | 18.571 | 49.748.011 |
| Португласка | 98 | 15 | 11.938 | 10.702.000 |
| Романска | 1.068 | 236 | 61.168 | 19.075.000 |
| Јужногерманска | 224 | 18 | 15.500 | 35.101.989 |
| Шпанска | 124 | 38 | 19.003 | 48.934.000 |
| Швајцарска | 58 | 7 | 4.848 | 9.076.000 |
| Вкупно: | 2.511 | 558 | 182.411 | 343.037.000 |

## ПРОЕКТИ:

1. Изградба на младински планинарски дом во црковен камп и центар за обука во Белгија.
2. Изградба на блок студентски дом на италијанскиот адвентистички универзитет „Вила Аурора“ во Фиренца.
3. Изградба на детска градинка во Софија, Бугарија.
4. Изградба на училиште во Перет и Маче, Романија.